View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

# ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВРЗ СМЕТКОВОДСТВЕНАТА КОНВЕРГЕНЦИЈА

Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Универзитет Гоце Делчев, Штип – Економски факултет

Доц.д-р Јанка Димитрова, Универзитет Гоце Делчев, Штип – Економски факултет

**Абстракт**

Од неодамна сметководството по пазарна (објективна вредност (FVA – fair value accounting) “се заканува” врз процесот на конвергенција на сметководствените практики во земјите ширум светот. Според некои аналитичари овој принцип на финансиско известување е еден од факторите, кој меѓу другите, допринесе за појава и ширење на финансиската криза. Имајќи во предвид дека МСФИ (Меѓународните стандарди за финансиско известување) ја опфаќаат и нагласуваат објективната вредност, во услови на финансиската криза се покренаа многу прашања и дилеми во однос на нивната соодветност и применливост во процесот на финансиско известување секаде во светот.

Овој труд ги истражува значајните имликации на глобалната финансиска криза врз финансиското известување, посебно барање на одговор на прашањето дали трендовите кон процесот на сметководствена конвергенција во земјите, беа отежнати поради инхерентните проблеми внатре во МСФИ.

Спротивно на очекувањата, анализите покажуваат дека финансиската криза го направи процесот на сметководствена конвергенција позадолжителен од било кога. Најголем дел од земјите кои имале намера да извршат конвергенција на своето финансиско известување, не биле значајно погодени од финансиската криза и се обврзале да го завршат овој процес, како што планирале.

Анализите исто така покажуваат дека IASB (Одборот за меѓународни сметководствени стандарди) се соочува со постојан притисок од страна на финансиските институции, регулаторните тела, креаторите на политиките и министрите за финансии на земјите, да ги ревидираат правилата кои почиваат на објективната вредност во сметководството. Консеквентно, Одборот презема мерки за постојано усовршување на барањата за финансиско известување, во контекст на финансиската криза.

**Клучни зборови**: Сметководство по објективна вредност, МСФИ, конвергенија, финансиска криза

**Abstract**

Recently the fair value accounting (FVA - fair value accounting) "threatens" the process of convergence of accounting practices in countries around the world. It is considered that the principle of financial reporting is one of factors which, among others, contribute to the emergence and spread of financial crisis. Given that IFRS (International Financial Reporting Standards) cover and emphasize market value, in conditions of financial crisis many questions and doubts have been raised regarding their suitability and applicability in the process of financial reporting worldwide.

This paper explores the significant implications of the global financial crisis on financial reporting, specifically request a response to the question whether the trend towards accounting convergence process in the countries, were hampered by the inherent problems within IFRS.

Contrary to expectations, the analysis show that the financial crisis has made the process of accounting convergence more obligated and important than ever. Most of the countries that had intended to commit convergence of its financial reporting, were not significantly affected by the financial crisis and are committed to complete this process as planned.

The analyzes also show that the IASB ( International Accounting Standards Board ) faces constant pressure from financial institutions , regulators , policy makers and finance ministers of the countries to revise

rules that are based on market value accounting. Consequently, the Board took action for continuous improvement of financial reporting requirements in the context of the financial crisis.

**Key words** : accounting at fair value , IFRS , convergence , financial crisis

**Introduction**

Брзиот напредок на глобализацијата во текот на последните две децении, помогна многу во олеснување на меѓународниот бизнис и елиминирање на бариерите во капиталните текови. Од гледна точка на сметководството, ревизијата и не-финансиското известување, процесот на поставување на стандардите се бори да оди во чекор со развојот на трговијата, на тој начин настојувајќи да ги заштити инвеститорите во остварување на нивните цели.

За среќа, постигнат е значителен напредок во развојот на стандардите за сметководствена хармонизација. Имплементацијата на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) во најголем дел од земјите во светот, претставува основа која им овозможува на инвеститорите да вршат прецизни споредби на компаниите од различни делови на светот. Овој процес исто така им дозволува на компаниите многу поефикасно да комуницираат со акционерите.

Според едно истражување, спроведено во 2011 година од страна на ACCA (the Association of Chartered Certified Accountants) – глобално тело на професионалните сметководители со членови од 170 земји, пристапот на комапниите до слободен капитал е зголемен, а трошокот на капиталот намален, преку имплементацијата на МСФИ. Истражувањето, кое го покрива азиско-пацифичкиот регион, Средниот исток, Европа и САД, покажува дека три години по почетокот на свертската финансиска криза, постои глобална подршка на компаниите и инвеститорите за примена на глобалните сметководствени стандарди. [1] Уште поважно, со зголемувањето на искуството на земјите во примената на глобалните сметководствени стандарди, расте и нивната подршка на процесот на сметководствена хармонизација. Постои силна подршка за проширување на овие глобални стандарди и во областите како не-финансиското известување, корпоративната контрола и интегрираното известување.

Самите сметководствени стандарди имаат корист од ефектот на нивното ширење: колку повеќе луѓе присвојуваат одреден пристап, неговата вредност се шири и мултиплицира. Последните години, со растечкиот број на земјите и регионите кои ги прифаќаат МСФИ како глобални стандарди за финансиско известување, се зголемуваат и користите за инвеститорите. МСФИ им овозможуваат на акционерите многу подобро да ги проценат и менаџираат перформансите на компаниите, овозможувајќи го намалувањето на трошокот на капиталот и зајакнувајќи ги меѓународните бизнис активности. Како што расте барањето за се поквалитетно финансиско известување од страна на компаниите, така се зголемува и осознавањето на вредноста на примената на глобалните стандарди, за вкупната ефикасност на работењето на компаниите.

Финансиската криза која произлезе од обезбедувањето на хипотекарните заеми се случи во текот на 2007-2008, и финансиските институции во САД и Европа кои држеа многу од хипотекарните хартии од вредност и обезбедени долгови објавија огромни загуби, со што кредитна криза почна да напредува. За време на кризата, кога ОМСС дозволи рекласификација на финансиските средства, како одговор на политичките притисоци од ЕУ, многумина беа загрижени за владеењето на ОМСС. Во овие околности, светот беше сведок на две “легитимациски кризи "(Habermas, 1976) во глобалниот процес на поставување на сметководствени стандарди: можен нов притисок од ЕУ и можната загуба на поддршката од најголемите купувачи; и можната загуба на довербата на пазарот во ОМСС и МСФИ. Сепак, се покажа дека ОМСС и понатаму е во центарот на глобалната конвергенција на сметководствените стандарди и по финансиската криза.

Финансиската криза доведе до големи дебати во однос на примената на фер-вредноста (објективната вредност) во сметководството. Многу критичари се согласуваат дека сметководството по објективна вредност, (mark-to-market accounting), во голема мера придонело за појава на финансиската

[1] “Toward greater convergence-Assesing CFO and investor perspectives on global reporting standards”, ACCA ssyrvey, August, 2011, p.4

криза, или во најмала рака има придонес за нејзиното влошување. Меѓутоа, врз основа на бројните анализи и истражувањеа, не може да се каже дека објективна вредноста е главниот фактор кој има придонес за влошување на финансиската криза.

Објективна вредноста во сметководството претставува суштинска карактеристика на МСФИ. Иако овој сметководствен метод не ја предизвика финансиската криза, сепак дополнително го зголемува нејзиното влијание. Како одговор на финансиската криза, ОМСС изврши промена на МСС 39 за да го корегира признавањето по објективна вредност. Измените во МСС 39 и МСФИ 7 дозволуваат рекласификации на категориите средства кои се чуваат за тргување и расположиви за продажба, кои експлицитно биле забранети пред измените. Аналитичарите се согласуваат дека овие модификации на МСС 39 го направиле возможно камуфлирањето на загубите на стотици билиони евра.

**Улогата на сметководствените стандарди во услови на финансиската криза**

Финансиската криза која започна во средината на 2007 година и продолжи и во наредните години, резултираше со колапс на голем број комерцијални и инвестициони банки, вклучувајќи неколку високо профилирани институции, како Bear Stearns, Lehman Brothers, Merill Lynch, Wachovia. Кризата резултираше со системски колапс на банкарскиот сектор, од кој зависеше целосната кредитна активност на светската економија. Многу е пишувано за причините за појавата на кризата, при што креаторите на политиката, банкарите и научниците ги нудат своите различни гледања и решенија. Колапсот на финансискиот сектор предизвика голема економска контракција, која не беше видена од крајот на Втората светска војна. Креаторите на политиките на земјите, како нивни избрани претставници, се соочија со настанатите проблеми во светската економија, и беа ставени во ситуација да спроведуваат законски и регулаторни промени во правец на намалување на последиците од кризата.

Повикот за преземање на активности кои ќе го спречат повторувањето на кризата, допре и до процесот на поставување на сметководствени стандарди и начинот на кој креирањето на сметководствените информации (или нивниот недостаток) придонесе за развојот на кризата. Во овој поглед, сметководството по објективна вредност, најверојатно, предизвика најмногу внимание, со тоа што многу банкари, политичари и толкувачи тврдеа дека користењето на објективната вредност во сметководството претставува главен фактор кој предизвика процикличнo намалување на вредноста на средствата на банките, а од тука и на цените на акциите. Како и да е, постојат и останати аспекти на сметководствените информации, одобрени од страна на донесувачите на сметководствените стандарди, кои предизвикаа помалку интерес, но сепак можеби одиграа значајна улога во придонесот кон финансиската криза. Како прво, тесно и директно поврзан со станбените и хипотекарни пазари, е квалитетот на информациите кои инвеститорите ги поседуваат во врска со обезбедувањето на средствата. Обезбедувањето вклучува пакување и продажба на хипотеки и побарувања за генерирање на готовина за одобрување на нови заеми. На второ место е квалитетот на информациите кои ги поседуваат инвеститорите во врска со дериватовите, вклучувајќи ги т.н. кредитни свопови (credit default swaps).

Екстензивниот политички притисок, охрабрен од страна на бизнис заедницата, како од страна на ЕУ, така и од Конгресот на САД, ги присилиле IASB и FASB да ја забрзаат преработката на меѓународните сметководствени стандарди, поврзани со финансиските инструменти. Ова било прв пат, да ОМСС издава или менува сметководствен стандард, без почитување на пропишаната процедура. Изјавите на политичарите, претставниците на ЕУ, па дури и на тогашниот претседател Џорџ Буш, константно го зголемувале притисокот на сметководствените оргaнизации итно да преземат корективни активности, за точно прецизирани прашања поврзани со сметководството на финансиските инструменти, за кои се сметало дека се главната причина на глобалната финансиска криза.

Како одговор на ваквата ситуација бројни светски организации биле брзи во расветлувањето на потенцијалните сметководствено-поврзани прашања , за кои се сметало дека се причина за кризата. Овде влегуваат, меѓу останатите, и големи бизнис организации, Базелскиот комитет за банкарска супервизија, Министрите за финансии на групата Г7, Федералните резерви на САД, Форумот за финансиска стабилност, Европската комисија, Конгресот на САД. Како минувало времето, притисокот врз креаторите на сметководствените стандарди прогресивно растел.

*Каков бил резултатот од ваквата ситуација?* Влијанието на финансиската криза, дополнето со преголемиот политички притисок, резултирале во согласност на ОМСС за итна и комплетна ревизија на стандардите поврзани со сметководството на финансиските инструменти. Многу верувале дека никогаш повеќе не можат да видат такви драстични промени во стандардите.

Прашањето кое се поставило во тие моменти било: дали интензивниот притисок кој произлегол од страна на политичарите врз сметководствените тела ќе резултира во високо квалитетен сет на сметководствени стандарди, или пак во некој просечен, конфузен, привремен, отскочен модел на стандарди, кој само ќе ги стиши политичарите. Друго значајно прашање кое се поставувало е и тоа дали значајните и сложени прашања ќе бидат едноставно превидени заради постигнување на експедитивност на целокупниот процес, или пак ќе се развие еден квалитетен сет на сметководствени стандарди.

*Одговорот на ОМСС.* Како одговор на ОМСС на наметнатиот притисок од страна на светската политичка и бизнис заедница, била основана посебна група- Financial Crisis Advisory Group (FCAG), која дефинирала неколку сметководствени прашања, кои се сметале за значајни во понатамошните дискусии, а за кои подетално ќе стане збор во продолжение:

1. Концептот на објективна вредноста во сметководството
2. Подобрено обелоденување на мерењето со користење на објективната вредност
3. Рекласификација на финансиските инструменти
4. Структура на вонбилансната евиденција
5. Мерење на сопственото задолжување со финансиски обврски
6. Мерење и класификација на финансиските инструменти
7. Мерење на намалување на вредноста на средствата
8. Сметководство за хеџинг

*Основање на FCAG групата.* Непрестајниот критицизам насочен кон поставувачите на сметководствените стандарди резултирал во формирање на советодавна групација за финансиска криза. Целта на основањето на оваа група била да ги разгледува барањата упатени од страна на бизнис заедницата во однос на потенцијалните причини за појава и ширење на финансиската криза. Главните задачи на групата биле насочени кон процесот на донесување на сметководствени стандарди, вклучувајќи потенцијални усовршувања на стандардите, како и анализа на улогата, доколку постои, која сметководствените стандарди ја имаат во поглед на финансиската криза и соодветноста на примената на објективната вредност во мерењето на финансиските инструменти.

Советодавната група за финансиски кризи, како резултат на својата работа, донела заклучок дека сметководствените стандарди мораат да бидат ослободени од секакви политички влиајанија. Понатаму, заклучила дека сметководствените стандарди не ја предизвикале финансиската криза, меѓутоа истакнала некои значајни прашања поврзани со несоодветното управување со ризикот и неправилното одлучување во деловните ентитети. Како приоритет бил поставен развојот на високо квалитетен сет на глобално применливи сметководствени стандарди, со итни подобрувања во поглед на креирање на поедноставен, принципиелно заснован сметководствен стандард за финансиските инструменти.

Еден таков ревидиран стандард требал да вклучи испитување на правилата за намалување на вредноста на средствата, преглед на принципот на објективна вредност и на хеџинг операциите. Се сметало дека во тековниот стандард кој се однесува на финансиските инструменту не се зема во предвид она што како бизнис модел е усвоено од страна на ентитетот и дека мерењето на објективната вредност е соодветна основа за мерење на можеби само одредени финансиски инструменти.

Советодавната група го истакнала мислењето дека е потребен водич за попрецизно детерминирање на објективната вредност на ликвидните пазари. Групата има донесено заклучок дека најголем придонес кон кризата има недостатокот на дефинирање на соодветни стратегии за управување со ризикот од страна на компаниите, како и постоењето на повеќе легална усогласеност кон сметководствените стандарди, отколку доследна примена на принципите содржани во нив.

*Примена на објективната вредност.* Во раната фаза на финансиската криза, регулаторите и политичарите се интересирале за сметководствените стандарди и нивните креатори, пред се за IASB и FASB, од аспект на придонесот кој примената на објективната вредност во мерењето на финансиските инструменти го имал врз појавата на финансиската криза. Генералниот заклучок на многуте истражувања

кои биле спроведени во тоа време бил дека примената на објективната вредност во сметководството ги нагласила, претежно во раната фаза, турбуленциите на финансиските пазари, меѓутоа не ја предизвикала и де факто финансиската криза. Изобилството на нови производи, како Collaterised Bebt Obligations (CDOs) и останати субординирани хартии од вредност, за кои или се барало да бидат вреднувани по нивната објективна вредност, или избрани од страна на менаџментот да се чуваат по објективна вредност, резултирало во огромна нестабилност во искажувањето на добивките и загубите на компаниите.

Во пресметката на објективната вредност на финансиските инструменти од страна на компаниите не биле земени во предвид многу фактори, кои имале големо влијание врз нивната објективна вредност. Се јавиле многу практични тешкотии во пресметката на објективната вредност на овие финансиски инструменти, посебно во случаите кога пазарите или доживувале колапс или пак исчезнувале преку ноќ.

Од овие причини, многу инволвирани страни го критикувале недостатокот на водич за примена на објективната вредност во сметководството, меѓу кои Базелскиот комитет, Г7 и Комисијата за хартии од вредност на САД. Критиките се однесувале главно на политиките на управување со ризикот и на процедурите кои се однесувале на процесот на утврдување на објективната вредност. Тука влегува и недоволното разгледување на инпутите и моделите кои се користат за утврдување на објектувната вредност, како и неадекватното стрес тестирање на објективната вредност на финансиските инструменти. Како одговор на ваквата ситуација, бил издаден детален водич за детерминирање на објективната вредност на ликвидните пазари, како и политики за управување со ризикот и процедури за утврдување на објективната вредност.

*Ефикасно обелоденување на објективната вредност.* Најголемите критики биле насочени кон ОМСС, од причина што многу стејкхолдери сметале дека постои недоволно обелоденување на различните компоненти при пресметката на објективната вредност, вклучувајќи ја сензитивноста на инпутите во одредеување на објективната вредност и нејзините ефекти врз добивката и загубата на компаниите. Затоа ОМСС наскоро по почетокот на кризата ги објавува измените на постоечкиот МСФИ 7: Финансиски инструменти:обелоденувања. Овие изменети обелоденувања се бараат за ентитетите кои известуваат почнувајќи од 1 Јануари 2009 год., и се базирани на Американскиот GAAP стандард 157, Мерење по објективна вредност.

Измените на МСФИ 7, покрај другите, вклучуваат барање за категоризација на објективната вредност на сите финансиски инструменти во три хиерархиски нивоа:

- Ниво 1: објективна вредност обезбедена директно од пазарните цени;
- Ниво 2: објективна вредност принципиелно произлезена од пазарните цени, со минимални останати пазарни инпути; и
- Ниво 3: објективна вредност принципиелно произлезена од останати пазарни инпути.

Измените во стандардот вклучуваат исто така барања за обелоденување на причините за промените помеѓу трите нивоа на мерење на објективаната вредност, како и обелоденување на чувствителноста на објективната вредност на финансисиките инструменти на промените на инпутите во нејзината пресметка.

Обемот на работата која се бара од страна на компаниите со цел да се исполнат барањата на наведените измени во стандардот не треба да се потцени, од причина што се бара класификација и обелоденување на сите финансиски инструменти на една компанија.

*Рекласификација на финансиските инструменти.* ОМСС бил предмет на огромен политички притисок од страна на Европската унија, со многубројни закани дека ќе му се одземе легитимитетот во донесување на МСФИ, доколку не дозволи рекласификација на одредени финансиски инструменти. Претходно, ЕУ им наложи на сите јавно котирани ентитети да ги усвојат МСФИ во подготвувањето и презентирањето на нивните финансиски извештаи, почнувајќи од 1 Јануари 2005.

Како резултат на ова барање, ОМСС во Октомври 2008 година, во процес без преседан, без почитување на должната постапка, објавува измена на постоечкиот стандард, со што се дозволило финансиските средства претходно евидентирани по објективна вредност, да бидат евидентирани по амортизиран трошок, зависно од ситуацијата. Ова им овозможило на ентитетите не само да ги “превртат“

претходно искажаните загуби, туку и да ги искажат финансиските инструменти по амортизирана вредност. Обемот на информациите кои се барало да бидат обелоденети согласно измените во рекласификацијата, бил сериозно голем.

Различните ентитети придавале различно значење на ваквите барања, со постоење на многу од нив кои обелоденувањата на бараните информации во врска со рекласификација на финансиските инструменти ги вклучувале на крајот во белешките кон финансиските извештаи.

*Структура на вонбилансната евиденција и отпишување.* Издавачите на сметководствените стандарди биле критикувани и за тоа зошто стандардите дозволувале одредени трансакции да бидат отпишани од билансот на состојба и за дозволата одредени средства за специјална намена, креирани од група на ентитети, да не бидат консолидирани.

Постоечкиот сметководствен третман на консолидацијата на средствата за специјална намена, вклучувајќи ги и хартиите од вредност, не бара консолидација на таквите средства во групните финансиски извештаи. Причината за не консолидацијата на овие средства била дека основа за проценка на контролата врз средството претставува легалната обврска на креаторот на средството, со игнорирање на останатите конструктивни обврски.

Ова резултира во тоа да обврските за заемите, поврзаните финансиски средства и загубите или добивките поврзани со овие средства, не се вклучуваат во финансиските резултати на групата. Меѓутоа, кога овие средства повеќе не постојат, групата превзема ултимативна одговорност за загубата пред инвеститорите, на кој начин признава дека ги контролирала овие средства.

Американските стандарди се базирани многу повеќе на правила во однос на МСФИ. Студиите покажуваат дека доколку ентитетите кои тековно ги применуваат US GAAP ги применат барањата содржани во МСФИ, драматично би го зголемиле барање за консолидација на средствата за специјална намена. Во Декември 2008 година ОМСС издал нацрт со кој предложил моделот на контрола да се применува во случаите кога треба да се оцени дали одредено средство за специјална намена треба да се консолидира. Останатите барања вклучуваат континуирана проценка на тоа дали одреден ентитет контролира друг ентитет, вклучувајќи ја потенцијалната консолидација на ентитетите, во случаите кога ентитетот не поседува мнозински интерес. Обелоденувањата зошто не постои консолидација кај одредени ентитети се доста обемни и сложени.

Во врска со отпишувањето на финансиските инструменти, тековните стандарди издадени од ОМСС содржат комплексен сет на правила по кои ентитетите треба да ги проценуваат специфичните трансакции, со цел за отпишување на финансиските инструменти од билансот на состојба. Американските стандарди содржат многу повеќе правила за отпишување на вредноста на финансиските инструменти во споредба со МСФИ. ОМСС отсекогаш настојува да развива стандарди базирани на принципи (principle-based standards).

*Мерење на сопственото задолжување со финансиски обврски.* Како резултат на постоечките ригорозни барања содржани во МСС 39, Финансиски инструменти: Признавање и мерење за хеџирање на финансиски инструменти, многу ентитети не биле способни да го применат сметководството за хеџинг, поради некомпатибилните политики и процедури. Ова резултирало во тоа да многу ентитети ја применуваат објективната вредност на фиксните финансиски обврски, во случаите кога каматните деривативи се користат за хеџирање на каматниот ризик.

Принципот на објективна вредност бара ентитетот да ја мери целосната објективна вредност на обврската, вклучувајќи го влијанието на сопствениот кредитен рејтинг. Ова доведува до бесмислена ситуација, кога ентитетот признава профит врз основа на детероризација на сопствениот кредитен рејтинг. Ова е спротивно на економската реалност, бидејќи детероризацијата на кредитниот рејтинг на компанијата покажува дека ентитетот не работи добро и не смее со користење на никакви средства да признае добивка.

Посебен нацрт бил издаден во јуни 2009 година, за тоа како сопствениот рејтинг на ентитетот треба да биде вклучен во одредување на пазарната вредност на финансиските обврски.

*Мерење и класификација на финансиските инструменти.* Постоечките стандарди кои се однесуваат на финансиските инструменти се протегаат на повеќе од 750 страници, кои содржат комбинација на правила и принципи кои тешко може да се разберат. Тековната верзија на МСС 39 вклучува четири различни категории на финансиски средства, две категории на финансиски обврски и опција на ентиетот да во иднина ги признае финансиските инструменти по објективна вредност преку добивката или загубата, доколку одредени критериуми се исполнети.

Најприфатливиот пристап во овој контекст би бил почитување на принципите содржани во МСФИ за малите и средни претпријатија, кои содржат многу поедноставен пристап за класификација на финансиските инструменти: оние кои се категоризирани по објективна вредност и оние мерени по амортизиран трошок.

Измените во стандардите бараат финансиските инструменти кои носат принос да можат да се мерат по објективна вредност, со искажување на промените во нивната вредност преку билансот на успех.

*Отпис на вреднсота*. Постојат многу дебати околу прашањето на соодветноста на моделот за отпишување на вредноста кој го обработуваат сметководствените стандарди. Различни ентитети предлагаат различни модели кои ќе им овозможат да ги распределат загубите од отпис на вредноста на на средствата на попросперитетните периоди.

*Сметководство за хеџинг*. Во првата година од кризата барањата на стандардите во однос на хеџинг операциите биле екстремно сложени. Многу едноставни трансакции, како хеџинг на едноставни трансакции со залихи или капитални средства биле недозволени, или пак прескапи за да може да бидат имплементирани. ОМСС се обврзал да ги ревидира барањата на сметководството за хеџинг операциите, со што би се олеснила нивната примена од страна на ентитетите.

## Ревидирање на концептот на мерење по објективна вредност

Како што беше веќе споменато, уште од почетокот на финансиската криза Меѓународните стандарди за финансиско известување биле критикувани за влошување на самата криза. Посебно на удар била употребата на објективната вредност во сметководството на финансиските средства на банките, поради нејзиниот придонес за неконтролираниот јаз помеѓу девалвираните пазарни средства и растечките барања на банките за капитал. Претходно третирани како чисто техничко прашање, сметководствените принципи наеднаш postанале предмет на меѓународни политики и жестоки дебати.

Три и пол години подоцна, кога финансиската криза била следена и заменета со европската должничка криза, изгледало како да сметководствените стандарди се вратиле на нивниот статус на “заспана убавица“. [2] Меѓутоа, ова претставува погрешна импресија. Сметководствените принципи продолжиле да бидат најважната врска помеѓу известувањето на финансиските институции и регулацијата на финансискиот пазар. Со тоа, причината за преиспитување на неодамнешните изјави кои ја анлизираат реформата на меѓународните сметководствени стандарди и хармонизацијата била уште поголема. Прашањата кои се поставувале биле: Дали сметководствените стандарди ја влошиле финансиската криза поради примената на објективната вредност на средствата на неактивните и колабирани пазари, кои ги присилиле банките да ја зголемуваат нивната капитална база? Дали биле неопходни подобри амортизери на пазарните флуктуации, кои би овозможиле поздраво сметководство, со кое би се обезбедиле поквалитетни и точни податоци на регулаторите на финансиските пазари за тоа што се случувало со банките? Многу дебати околу овие прашања почнале интензивно да се водат веднаш по почетокот на кризата. Дополнително, притисокот од страна на политичарите, меѓународните регулаторни тела и јавноста бил огромен, повикувајќи на преиспитување на улогата на сметководствените стандарди и потребата за нивна евентуална ревизија.

Соочени со ваквиот притисок, меѓународните организации и банкарските регулатори, IASB-во лабава соработка со својот американски конкурент – FASB, го започнале процесот на ревизија на

[2] www.governanceexborders.com, “What’s the problem? Reforms of fair value accounting revisited”, 2012

меѓународните стандарди за финансиско известување, во светлината на финансиската криза. Како резултат на овој процес, од страна ОМСС се започнати реформи на организационо ниво, а одредени МСФИ биле и модифицирани. Заклучно со 2011 година, најзначајните промени се однесувале на следните прашања:

- Зголемена одговорност: Биле основани Комисија за мониторинг и Советодавна група за финансиска криза, кои вклучувале претставници од јавните власти. Со ова се постигнала поголема јавна одговорност на управувачката структура на ОМСС. Додека во Советодавната група главна улога имале мудрите регулатори, кои биле заинтересирани пред се за стабилноста на финансискиот систем, Комисијата за мониторинг вклучувала само претставници од пазарите за хартии од вредност, кои биле наклонети повеќе кон пазарната ефикасност и транспарентност, како првенствена цел на сметководствените стандарди. Единствен исклучок претставува Европската комисија, чијашто улога во Комисијата за мониторинг сеуште не е целосно оценета.
- Многу "поцврсти" сметководствени стандарди: По направените измени за време на кризата, стандардите обезбедуваат многу појасни насоки за користењето на објективната вредност во сметководството и поедноставна класификација на финансиските инструменти (МСФИ 9). Концептот на контрола, како основа за консолидација на ентитетите (тргнувајќи од проблемите кои произлегле од ентитетите за специјални намени заа време на кризата) е многу пошироко дефиниран, во споредба со, на пример, американските сметководствени стандарди.

**Процес на оддалечување на американските и европските креатори на сметководствени стандарди, наместо конвергенција?**

Една од клучните цели на политичарите и регулаторите за време на кризата била зајакнување на хармонизацијата на сметководствените стандарди насекаде во светот. Меѓутоа, резултатите на овие настојувања се парадоксални. Додека носителите на политиките на земјите и меѓународните финансиски регулаторни организации вршеле константен притисок за зголемена соработка помеѓу IASB и американскиот FASB, оваа соработка сепак била многу слаба. Како резултат, и двете тела за донесување на сметководствени стандарди донесувале слични одредби, со различни временски хоризонти и рокови, кои се однесувале на различни стејкхолдери. На крајот на 2011 година, иницијативите за реформи во услови на светска криза, произвеле многу различни мислења и решенија, посебно за одредени области како што се мерењето на финансиските инструменти, отпишување и консолидација. Дел од крајните резултати на реформата, дури се чини дека се спротивни на првично поставените цели за унифицирани сметководствени стандарди. Ова гледање е содржано и во заедничкиот извештај на двете светски организации за донесување на сметководствени стандарди, издаден во април 2011 година.

Напорите на IASB и FASB за постигнување на поголема конвергенција во сметководството биле придружени со искажување на значителни разлики во американските и европските сметководствени стандарди. Прогресот по однос на многу, сеуште отворени прашања, е многу бавен и неефикасен. На крајот на 2011 година двете организации за донесување на сметководствени стандарди сеуште работеле на прашањата како што се класификација и мерење на финансиските инструменти, средства кои треба да се мерат по објективна вредност, признавање на објективната вредност, хеџингот, консолидација на ентитетите, сметководството за групите на ентитети и сл. Додека поставувачите на стандардите се борат за постигнување на единствена верзија во одредени области (класификации), во други области тие дефинираат полабави, неусогласени решенија. Развојот на настаните до почетокот на 2012 година го потврдувале аргументот дека целосната управувачка архитектура во процесот на иницирање на конвергенцијата не е ефикасна, главно поради недостаток на јасно дефинирани одговорности, поради што целите на конвергенцијата останале премногу амбициозни, а роковите недоволно координирани.

Понатаму, ваквиот развој на настаните ја зајакнува импресијата дека IASB презема многу пореални и посуштински преструктуирања на сопствените стандарди, како одговор на банкарските регулатори и полтичари (првенствено од Европа и меѓународните организации, како Базелскиот комитет), во споредба со она што во тој поглед го направил или пак е подготвен да го направи, FASB. Ова го потврдува многу бавната ревизија од страна на FASB во поглед на тесниот концепт на контролата во случај на консолидација (споредено со широката дефиниција на контролата воведена од IASB), како и неговата колебливост за вреднување на долгорочните заеми по амортизирана, наместо по објективна вредност.

Земено во целост, проблемите во хармоноизацијата на сметководството ширум светот ги одложиле реформите во МСФИ. Во декември 2011 година, ОМСС изјавил дека задолжителниот рок за имплементација на МСФИ 9 е продолжен од 2013 за 2015 година (со можно доброволно усвојување и пред оваа дата).

Во поглед на понатамошните реформи во сметководствената хармонизација, многу значајни се стратегискиот извештај на ОМСС од април 2012 и извештајот на Комисијата за мониторинг од февруари 2012. Извешатите и на двете тела содржат стратегии за оправданоста и институционализацијата на умерено подобрен пристап на транспарентност, во споредба со т.н. прудентен пристап.

Најважните промени во овој поглед се:

- Додека транспарентноста во известувањето и понатаму останува да биде најважен приоритет, се истакнува и значењето на чувствителноста кон потребите на останатите стејкхолдери, со посебна одговорност за одржување на финансиската стабилност.
- Неопходно е зајакнување на техничкиот дијалог на креаторите на сметководствените стандарди со прудентните супервизори и меѓународни организации, како Базелскиот комитет, ИМФ и сл.
- За итна се смета поблиската соработка со националните организации за донесување на сметководствени стандарди и со комисиите за хартии од вредност, заради обезбедување на солидна фактичка и законска основа за имплементација на МСФИ.
- Основана е и посебна групација на земјите во развој, заради засилување на партиципацијата и на овие земји во развојот на МСФИ.
- Промените во Прирачникот на сметководствените стандарди вклучуваат инкорпорирање и на одредени практики, кои се развиле како одговор на справувањето со кризата, како на пример одржување на редовни состаноци со прудентните регулатори.
- Основана е и посебна работна група од страна на меѓународната заедница, со цел за дискутирање на методологиите за теренска работа и ефективна анализа (нешто што долго време се барало од страна на критичарите и практичарите).
- ОМСС за прв пат специфицира протоколи за тоа како ќе се справува со жалбите во однос на можното кршење на задолжителните процедури на донесување на стандардите. Она што е важно, е во кој обем овие протоколи ги вклучуваат дефинираните права и обврски на ОМСС.

Сето ова покажува дека ОМСС се развива во меѓународно регулаторно тело, со зајакнати врски со јавните регулаторни тела и претставници на пазарите на хартии од вредност, на интернационално и национално ниво, со цел за легитимност и прифатливост на процесот на имплементација на МСФИ.

**Иднината на Меѓународните стандарди за финансиско известување**

Примената на МСФИ продолжува да се шири низ земјите од светот. Но и покрај тоа, не е се така "розово во градината на МСФИ". Десет години откако регулативата на ОМСС постана закон за земјите од ЕУ, динамиката на примената на МСФИ е забавена, а голем дел од главните проекти кои се однесуваат на сметководствената хармонизација застанаа во реализацијата. САД и неколку останати значајни светски економии се двоумат дали да ги применат МСФИ. Претседателот на ОМСС, неодамна, меѓу останатите, ја изрази загриженоста во однос на програмата на конвергенцијата кон МСФИ.[3] Она што во моментот е важно е, дека треба да се врати чекор назад и да се погледнат работите во перспектива. Не треба да се заборави дека идејата за единствен сет на глобални сметководствени стандарди не е нова. Подржувачите на креирање единствен сметководствен јазик не смеат да бидат премногу разочарани од сегашните неуспеси во овој процес, зошто еден таков амбициозен меѓународен проект неизбежно ќе се соочи со разочарувања и доцнења, на патот кон целосната реализација. Наместо тоа, неопходна е најшироката можна дебата за тоа што повеќе треба да се направи, за да се обезбеди долгорочниот успех на овој амбициозен проект.

Универзалниот финансиски јазик нуди многу веќе докажани предности. Меѓуграничните бизниси имаат корист од намалените трошоци, а меѓуграничната трговија на хартии од вредност се зголемува, во услови кога меѓународните инвеститори можат многу полесно да ги споредуваат перформансите на

[3] "The future of IFRS-information for better markets initiative", icaew.com/bettermarkets

компаниите од различните земји. За возврат, сето ова резултира во зголемена пазарна ефикасност и намалување на трошокот на позајмување на капитал за компаниите, што на крајот го помага и зајакнува економскиот развој на земјите.

Академската евиденција открива дека обемот до кој се реализирани потенцијалните користи од имплементацијата на МСФИ се разликува од земја до земја. Тој зависи значително од голем број на локални фактори, вклучувајќи ги меѓу другото, квалитетот на стандардите кои биле во примена пред прифаќањето на МСФИ и степенот на нивната усогласеност, мониторинг и доследна примена. Во никој случај не смее да се потцени вистинската вредност на постигнатата сметководствена конвергенција во светот, до денес. Посебно за меѓународните инвеститори, преминот кон МСФИ се покажа како трансформирачки процес.

Покрај користите, секако дека преминот кон нова сметководствена рамка ги соочува компаниите и со значителни трошоци и предизвици. Сметководствените политики треба да бидат проценети и апдејтирани, исто така и информационите системи. Потребно е редизајнирање на методите на контрола, обука на вработените и едуцирање на инвеститорите. Тоа значи дека транзицијата кон МСФИ може да биде тешка, меѓутоа истата е најчесто пратена со поголеми користи. Краткорочните проблеми и тешкотии резултираат во долгорочни практични добивки, за сите инволвирани страни.

Несомнено, инвеститорите и компаниите имаат голема корист од достапноста на единствен сет на глобални, високо квалитетни сметководствени стандарди, кои претставуваат основа за креирање на транспарентни и споредливи финансиски извештаи, кои јасно ја рефлектираат економската реалност и ја зголемуваат довербата на инвеститорите. МСФИ имаат единствена предност затоа што се дизајнирани за меѓународната публика, и затоа што се развиваат во средина ослободена од законски и останатни национални пречки. Ова, без сомнение, е спротивно на американските општо прифатени принципи – GAAP, кои го имаат својот корен во специфичен регулаторен и законски систем и традиција на постојани политички интервенции, што ги прави помалку соодветни за примена од страна на ентитетите надвор од САД.

Најверојатно најважната предност на МСФИ е тоа што истите базираат на принципи. Креирањето на стандарди кои се цврсто базирани на принципи, а не на нормативни правила, со минимум одредеби конкретно врзани за одредени сектори, резултира во многу појасна и поразбирлива сметководствена литература. Не е нескромно да се каже дека многу подеталната природа на американските сметководствени стандарди и поголемата употреба на т.н. “bright lines” допринеле за развој на многу нормативни, комплексни и сосема поинакви сметководствени правила. Ова е ситуација која треба да се избегнува во меѓународен контекст. Пристапот базиран на принципи во процесот на донесување на стандардите е фундаментален за успехот на МСФИ, поради кој истите постојано се прифаќаат од страна на јуриздикции со различна традиција на известување и различна регулација.

И покрај споменатите предност на МСФИ, може сепак да се каже дека нивната тековна состојба е далеку од перфектна. Во одредени области, тие се премногу комплексни, а во одредени прашања квалитетот е компромитиран во трката за конвергенција со американските GAAP. Несомнено дека постои место за нивно подобрување. Посебно е важно комплетирањето на новиот пристап на сметководството за намалување на вредноста на финансиските средства. Друга важна работа е преиспитување на начинот на кој компанијата известува за постигнатите перформанси. Потребно е прецизно дефинирање на тоа што се мисли под постигнат резултат од работењето, целта на нето добивката и појаснување на принципот на разликување на ставките од билансот на успех од оние ставки кои спаѓаат во – останати приходи. Од причина што корисниците на финансиските извештаи се фокусираат пред се на заработувачката како главен показател за работењето на компнијата, се додека ова прашање не се дефинира на задоволителен и јасен начин, ќе постои основа за критики на МСФИ.

Ширењето на примената на МСФИ во земјите низ светот претставува забележителен процес. Кога во 2002 година ЕУ донесе одлука за задолжителна примена на МСФИ за нејзините јавно котирани компании од 2005 година па натаму, многу малку можеле да предвидат дека толку многу водечки економии во светот ќе го следат овој процес. Денес повеќе од 100 држави, вклучувајќи повеќе од две третини од земјите на Г20, бараат или дозволуваат нивните јавно котирани компании да ги подготвуваат финансиските извештаи со примена на МСФИ или национални стандарди блиски до нив.

Во текот на последната деценија ОМСС е во тесна соработка со американската сметководствена организација за донесување на сметководствени стандарди – FASB, заради конвергенција и усогласување

на нивните посебни барања. Денес, двата сета на стандарди се значително усогласени. И покрај очекувањата во текот на 2011 и 2012 година од страна на Комисијата за хартии од вредност од САД за дефинитивна примена на МСФИ во САД, таква финална одлука сеуште не е донесена.

Нерешителноста, придружена со останати фактори, како што е финансиската криза, неспособноста на IASB и FASB да постигнат целосна согласност за некои заостанати проекти поврзани со процесот на конвергенција, и многу останати локални прашања, имале ефект и врз останати земји, кои го немаат завршено процесот на целосна имплементација на МСФИ. Така да, иако во последните години неколку големи економии-како Бразил, Канада, Јужна Кореја и Мексико, успешно ги усвоиле МСФИ, динамиката на овој процес е успорена. Јапонија изјави дека нејзините планови за имплементација на МСФИ се одлагаат за 2015 или 2016 година. Ист е случајот и со Индија.

Така, по периодот кога се сметаше дека МСФИ ќе го освојат светот, следи забавување на прогресот на овој процес, со што се постави прашањето дали прифаќањето на единствен сет на глобални сметководствени стандарди претставува остварлива цел. Многу експерти се прашуваат како МСФИ ќе постанат вистински глобален сет на стандарди, кога големи економии како САД, Јапонија, Индија и останати, сеуште не се обврзале на имплементација на МСФИ или барем на нивно инкорпорирање во домашните стандарди, без значајни модификации. И доколку, посебно САД, продолжат со нивата досегашна политика, какви се поеледиците за успехот на МСФИ?

Останати субјекти, вклучувајќи ги членовите на Комисијата за хартии од вредност на САД, се загрижени за тоа колку конзистентно се применуваат стандардите од страна наземјите кои веќе ги имплементирале МСФИ – дали овие земји зборуваат “единствен глобален јазик” или пак на “серија на локални дијалекти”. Се поставува и прашањето доколку ОМСС не може да ги спречи локалните креатори на стандарди да ги прилагодуваат МСФИ на нивните национални потреби повеќе отколку да ги имплементираат целосно, како и да го спречи издавањето на локални интерпретации, дали постои иднина за глобалните стандарди.

Во екот на глобалната финансиска криза, како што веќе зборувавме и во претходното поглавје, се поставувале и многу посериозни прашања во врска со МСФИ – дали истите се одговорни за појава на кризата или пак во најмала рака за нејзино разгорување, и доколку е така, дали би било подобро за земјите кои веќе ги имаат прифатено МСФИ, да се вратат на нивните стари национални стандарди.

По сите овие прашања се доаѓа до заклучокот дека успехот на проектот наречен МСФИ е сеуште пред голем предизвик. Како што ќе се зголемува бројот на земјите кои ги прифаќаат МСФИ, ќе биде и се потешко да се постигне глобален консензус за значајите промени во стандардите, а ОМСС многу тешко ќе може да ги задоволи барањата на големиот број различни земји од светот.

## Дали е остварлива идејата за глобален сет на сметководствени стандарди?

Замислата да се креира глобален сет на сметководствени стандарди е многу стара. Оние кои сакаат да одговорат на прашањето дали идејата за глобален сет на сметководствени стандарди е навистина остварлива, мораат добро да погледнат во иднината. Попрецизно, мора да се разберат долгорочните фактори кои ќе влијаат на успехот на проектот-МСФј во наредните 10 до 20 години, па и подалеку. Веќе зборувавме за сите фактори кои придонеле да се јави потребата од широко прифатен сет на сметководствени стандарди. Меѓународните компании се интересираат за објавените извештаи на трговските партнери, додека инвеститорите баратаат начини да ги споредат инвестиционите можности и да ги контролираат перформансите на постоечките инвестиции. Потребата да се процени ефектот од различните барања за финансиско известување во различните земји, не само што ги зголемува трошоците на компаниите и инвеститорите кои имаат намера да се прошират или инвестираат на меѓународниот пазар, туку често и ги одвраќа од ваквата идела.

Во секторот на финансиските услуги, како што се докажа во 2008 година, разликите во известувачките барања помеѓу земјите ги прават уште потешки мониторингот и контролата на регулаторните органи врз глобалните институции, кои се се повеќе независни. И покрај тоа што финансиската криза го намали ентузијазмот за одредени аспекти на процесот на глобализацијата, потребата од единствен финансиски јазик останува и понатаму голема. Во денешниот испреплетен свет,

се потешко станува убедливо да се објасни зошто сметководството помеѓу различни земји мора да се разликува.

Друг значаен фактор кој долгорочно го подржува прифаќањето на глобалните сметководствени стандарди е тоа што многу земји не сакаат да се изложуваат на трошоци за основање и одржување на нивни сопствени сметководствени тела, чија задача би била донесување и развој на сопствени национални стандарди.

Од друга страна, неизбежно постојат и многу фактори кои ќе продолжат да го забавуваат прогресот кон создавање на глобалниот сет на сметководствени стандарди. На пример, за различните компании се соодветни различни системи на финансиско известување. Додека меѓународните стандарди се во најголем дел релевантни за компаниите кои позајмуваат капитал на меѓународните пазари, тие може да бидат помалку релевантни за други компании или останати видови на известувачки ентитети. Дури се поставуваат и прашања од страна на регулаторите на финансиските институции дали истите не би требало да бидат предмет на посебен сметководствен режим.

Недостатокот на глобална регулаторна институција која би обезбедила принудување и униформно присвојување на МСФИ во сите земји, постојано ќе ги намалува користите од глобалните стандарди. Многу земји изјавуваат дека ги присвојуваат МСФИ во нивните национални сметководствени стандарди, но потоа ги адаптираат или за да одговорат на локалните потреби, или пак доколку постојат одредени решенија со кои не се согласуваат. Она што е сигурно е фактот дека колку повеќе земјите ги менуваат МСФИ откако ќе ги прифатат, толку помалку може да се зборува за единствен сет насметководствени стандарди.

Во исто време, значајно е и прашањето како се имплементираат МСФИ во различните практики на земјите. Финансиското известување претставува институција која ги надополнува останатите национални институции. Она што одговара за една земја, едноставно може да не е соодветно за друга. Така, се додека постојат разлики во локалните адаптации и интерпретации на стандардите од страна на земјите, разлики во националните режими на управување, во законските системи, ревизорските практики, етичките норми, финансиските услуги, во образованието и обуката на кадрите, се дотогаш не може да се смета дека единствениот сет на сметководствени стандарди ќе произведе униформност на сметководството во целиот свет. Како што беше веќе спомената, постојат сомневања колку може да постигне единствениот сет на сметководствени стандарди, без механизми за обезбедување на единствена имплементација и принуда во примената на МСФИ.

Моменталната колебливост на САД во прифаќањето на МСФИ се смета за најголема пречка која треба да се надмине, доколку ОМСС има намера да го зачува статусот на глобален поставувач на сметководствени стандарди. Во текот на финансиската криза, се поставувале и прашања дали финансиското известување – или неговите недостатоци – одиграле некаква улога во предизвикувањето или пролонгирањето на најголемата рецесија од 1930 година па наваму. Критиките се однесуваат најмногу на сметководството на објективната вредност и загубите во намалувањето на долговите, со објаснувања дека овие елементи на МСФИ се сериозно погрешни.

Критиките одат до таму што одредени критичари од Обединетото кралство сметаат дека МСФИ се спротивни на легислативата на ЕУ, дека механизмот на нивното наметнување е погрешен, дури и илегален. Ова водело до носталгични повици во Обединетото кралство за забрана на примената на МСФИ и враќање на "старите добри денови", кога претпазливоста на домашните сметководствени тела била поголема, што создава опасност за претворање на ваквите често повторувани пораки во прифатлива вистина.

И покрај ваквата ситуација, оние кои сеуште веруваат во создавање на единствен сет на глобални сметководствени стандарди, не смеат да бидат вознемирени од неоснованите жалби дека финансиското известување на било каков начин ја има предизвикано или пролонгирано финансиската криза. Академските истражувања до денес не успеале да пронајдат некаква значајна врска помеѓу сметководството по објективна вредност и финансиската криза, како и за улогата на загубите во долговите. Кризата ја истакнала потребата од подобрување на одредени аспекти на сметководството и обелоденувањето во врска со финансиските инструменти, а фактот што дел од оваа работа сеуште не е завршен, посебно во однос на обезвреднувањето на финансиските средства, е навистина разочарувачки. Генерален заклучок е дека МСФИ имале поволно влијание врз светската економија, за време на финансиската криза.

Според најмногу размислувања, време е меѓународната финансиска заедница да ги стави сите овие критики и одвлекувања на вниманието на јавноста на страна и да се фокусира кон остварување на реални, долгорочни користи, не само во поглед на економскиот развој и стабилност, со цел за остварување поголем прогрес во снабдувањето на светските пазари со високо квалитетни, транспарентни и меѓународно споредливи финансиски информации.

Што се однесува на отпорот на САД да ги прифати МСФИ, се смета дека ситуацијата не е идеална, меѓутоа постои голем оптимизам дека ова ќе се случи. Постои и алтернативен начина на гледање на работите и можеби доцнењето во прифаќањето на МСФИ од страна на САД и не е така лоша работа. По брзата експанзија во последните години, можеби е време за ОМСС да изврши консолидација на се што има постигнато до денес и да ги зајакне процедурите и процесите, пред да го направи следниот отскок.

Важно е да се напомене и тоа дека во изминатите години IASB и FASB, и покрај се, се движеле блиску еден до друг, како резултат на заедничката агенда за конвергенција, при што многу разлики биле отстранети. Се очекува дека соработката ќе продолжи и во иднина. Независно од тоа дали САД ќе донесе и формална одлука за прифаќање на МСФИ, финансиските извештаи подготвени со примена на МСФИ и американските ГААП со изминување на времето ќе стануваат се поспоредливи.

И покрај се, јасно е дека не може  да се очекува да сите земји во светот безрезервно ги прифатат МСФИ во непроменета форма, како што се издадени од ОМСС. Невозможно е да се создадат стандарди кои ќе ги задоволат сите луѓе, сите времиња, а државите секогаш ќе настојуваат да задржат одреден суверенитет во оваа област. Неизбежен е фактот дека одделни земји од МСФИ заедницата од време на време нема да бидат способни или пак нема да сакаат да применат одреден стандард без дополнителни промени, со цел за ефективна примена во нивното опкружување. Неодамнешните искуства покажуваат дека земјите кои иницијално вршеле промени во МСФИ, со тек на време целосно се усогласиле со нив, со цел да ги искористат целосните бенефити од нивната примена.

Разликите во имплементацијата на МСФИ кои произлегуваат од различните системи на корпоративно управување на земјите, различните ревизорски и регулаторни практики, ќе постојат и во иднина. Не живееме во хомоген свет и тоа треба да се прифати. Не смее да се очекува дури и дека еден единствен сет на глобални сметководствени стандарди ќе создаде целосна униформност на планетата. Локалните разлики-промислени или инцидентни-ќе претставуваат одлика на светот во догледна иднина. Сепак, може да се очекува дека значењето на овие разлики со тек на времето ќе се намалува, паралелно со постојаниот притисок на регулативата и пазарните сили кон поголема глобализација. Од оваа причина и не постои потреба од грижа околу разликите во локалната примена на МСФИ, се додека тие разлики не се така чести или пак се безначајни. Не треба да се заборави дека и некогашните национални сметководствени стандарди не биле ослободени од неконзистентност во примената. “Дијалекти и акценти” во националните финансиски јазици отсекогаш постоеле и ќе постојат.

Она што е најважно во овој процес е разбирливоста на МСФИ. Во проценката на конзистентноста на примената на МСФИ, треба да се настојува да се минимизираат разликите, но и да се биде прагматичен. Се додека се одржуваат високо квалитетни стандарди за финансиско известување, не треба да постои голема грижа околу локалните дијалекти, се додека тие се блиски до мајчиниот јазик и можат без тешкотии да бидат разбрани. Во иднина фокусот треба да се стави на овој важен концепт на разбирливост на финансиското известување и да се прават напори за остварување значителен прогрес во поголема споредливост на финансиските извештаи.

На крајот, секако дека остварувањето на целта на проектот наречен МСФИ, нема да создаде комплетна униформност на светот. Попрво, напорите на светот треба да бидат насочени кон осигурување на фактот дека финансиското известување ги помага и олеснува, а не спречува и отежнува меѓународниот бизнис и инвестициска активност. Не е сигурно дека МСФИ некогаш ќе постанат вистински глобален сет на стандарди. Остануваат сериозни предизвици кои мора да се надминат и кои може да донесат многу потешкотии во иднина. Како и да е, експертите очекуваат трендот на развој на финансиското известување со примена на МСФИ или стандарди блиски на нив, да продолжи и во иднина, во корист на изготвувачите, инвеститорите и останатите корисници на финансиските извештаи.

**Заклучок**

Објективна вредноста во сметководството претставува суштинска карактеристика на МСФИ. Иако овој сметководствен метод не ја предизвика финансиската криза, сепак дополнително го зголемува нејзиното влијание. Како одговор на финансиската криза, ОМСС изврши промена на МСС 39 за да го корегира признавањето по објективна вредност. Измените во МСС 39 и МСФИ 7 дозволуваат рекласификации на категориите средства кои се чуваат за тргување и расположиви за продажба, кои експлицитно биле забранети пред измените. Аналитичарите се согласуваат дека овие модификации на МСС 39 го направиле возможно камуфлирањето на загубите на стотици билиони евра.

Уште од почетокот на финансиската криза Меѓународните стандарди за финансиско известување биле критикувани за влошување на самата криза. Посебно на удар била употребата на објективната вредност во сметководството на финансиските средства на банките, поради нејзиниот придонес за неконтролираниот јаз помеѓу девалвираните пазарни средства и растечките барања на банките за капитал. Претходно третирани како чисто техничко прашање, сметководствените принципи наеднаш постанале предмет на меѓународни политики и жестоки дебати.

Една од клучните цели на политичарите и регулаторите за време на кризата била зајакнување на хармонизацијата на сметководствените стандарди насекаде во светот. Меѓутоа, резултатите на овие настојувања се парадоксални. Додека носителите на политиките на земјите и меѓународните финансиски регулаторни организации вршеле константен притисок за зголемена соработка помеѓу IASB и американскиот FASB, оваа соработка сепак била многу слаба. Како резултат, и двете тела за донесување на сметководствени стандарди донесувале слични одредби, со различни временски хоризонти и рокови, кои се однесувале на различни стејкхолдери. На крајот на 2011 година, иницијативите за реформи во услови на светска криза, произвеле многу различни мислења и решенија, посебно за одредени области како што се мерењето на финансиските инструменти, отпишување и консолидација. Дел од крајните резултати на реформата, дури се чини дека се спротивни на првично поставените цели за унифицирани сметководствени стандарди.

Недостатокот на глобална регулаторна институција која би обезбедила принудување и униформно присвојување на МСФИ во сите земји, постојано ќе ги намалува користите од глобалните стандарди. Многу земји изјавуваат дека ги присвојуваат МСФИ во нивните национални сметководствени стандарди, но потоа ги адаптираат или за да одговорат на локалните потреби, или пак доколку постојат одредени решенија со кои не се согласуваат. Она што е сигурно е фактот дека колку повеќе земјите ги менуваат МСФИ откако ќе ги прифатат, толку помалку може да се зборува за единствен сет насметководствени стандарди.

И покрај се, јасно е дека не може да се очекува да сите земји во светот безрезервно ги прифатат МСФИ во непроменета форма, како што се издадени од ОМСС. Невозможно е да се создадат стандарди кои ќе ги задоволат сите луѓе, сите времиња, а државите секогаш ќе настојуваат да задржат одреден суверенитет во оваа област. Неизбежен е фактот дека одделни земји од МСФИ заедницата од време на време нема да бидат способни или пак нема да сакаат да применат одреден стандард без дополнителни промени, со цел за ефективна примена во нивното опкружување. Неодамнешните искуства покажуваат дека земјите кои иницијално вршеле промени во МСФИ, со тек на време целосно се усогласиле со нив, со цел да ги искористат целосните бенефити од нивната примена.

Според најмногу размислувања, време е меѓународната финансиска заедница да ги стави сите овие критики и одвлекувања на вниманието на јавноста на страна и да се фокусира кон остварување на реални, долгорочни користи, не само во поглед на економскиот развој и стабилност, со цел за остварување поголем прогрес во снабдувањето на светските пазари со високо квалитетни, транспарентни и меѓународно споредливи финансиски информации.

**Користена литература**


1. "Toward greater convergence-Assessing CFO and investor perspectives on global reporting standards", ACCA, 2012
2. N.Jarolim, C.Oppinger, "Fair value accounting in times of financial crisis", ACRN Journal of Finance and Risk perspectives, Vol.1, 2012
3. C.Laux, "Did fair-value accounting contribute to the financial crisis?, Working paper, Cambridge, 2009
4. Financial reporting faculty, "The future of IFRS-information for better markets initiative", ICAEW, 2012
5. P,Brown, "International financial reporting standards: what are the benefits?", Accounting and business research, 2011



**Автори:**

**1. Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска** од 2007 година работи на Економскиот факултет, при Универзитетот Гоце Делчев од Штип, каде од 2010 година е избрана за Наставник во сите звања-доцент, од обласа Финансии и сметководство. Во тек на научно-истражувачката работа има издадено над 30 трудови од областа на сметководството и финансиите, со кои има учествувано на повеќе домашни и меѓународни научни конференции.

**2. Доц. д-р Јанка Димитрова**, работи како наставник во сите звања-доцент, на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од Штип, од 2011година. Избрана е на предмети од областа на сметководството и ревизијата. Има издадено голем број на научни трудови и се одликува со огромно практично искуство во наведените области